**ПОВИК БР. 18/2023 – ПРЕВОД ОД МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот „Универзитети без корупција во Албанија, Северна Македонија и Србија" кој се спроведува во рамките на Програмата СМАРТ БАЛКАН – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, финансирана од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, објавува **Повик за набавка на услуга – превод на текст од македонски јазик на англиски јазик.**

Предмет на преводот е текст во должина од 30 страници (плус/минус пет страници кои ќе бидат утврдени со завршна пресметка) сметано 1800 јазични знаци со празни простори.

Рок за завршување на работите е седум работни дена од денот кога ИСИЕ по електронски пат ќе го достави текстот за превод.

Цените да бидат дадени за страница текст со 1800 карактери со празен простор без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ.

**Критериуми за избор** – цена 100 поени

Понудите треба да вклучат финансиска понуда и доказ за претходно искуство да се достават. Тие се доставуваат во електронска форма на мејлот isie@mail.org, најдоцна до **21 јули 2023 година.**

Скопје, 12.07.2023 година